Бр./Nr 12-2438/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

07-03-2023 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознати подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 83-та седница одржана на 27.02.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2438/1 од 12.07.2021 година, поднесена против службено лице ------------------------, државен службеник во Министерството за ------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-2438/1 од 12.07.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознати подносители, на ден 12.07.2021 година, доставена е пријава против службено лице -----------------------------, државен службеник во Министерството за -------------------------------- и оформен е предмет број 12-2438/1 од 12.07.2021 година.

Во пријавата, подносителите наведуваат дека не се задоволни од постапките на посочениот државен службеник кој е задолжена околу подготовка и водење на постапките за откуп за регионот на следниве општини: Кочани, Македонска Каменица, Берово и Делчево. Имено, согласно наводите од пријавата наведениот државен службеник вршел притисок кај лица кои ги откупуваат становите со тоа што им кажувал каде да одат на нотар.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема елементи за надлежно постапување согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk